Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 5

Мотивациски викенд

ЗГ Младите можат- Скопје
ул. Охридска 39-10, 1000 Скопје
www.youthcan.org.mk
info@youthcan.org.mk

WWW.YOUTHCAN.ORG.MK

ЗОШТО МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД?

Целта на Мотивациски викенд е да ги мотивираме младите да работат на себе, на приватен и професионален план, преку успешни луѓе кои ја споделуваат својата приказна за досегашните успеси и падови,и работилници за личен и професионален развој.

Она што не поттикна да ја започнеме оваа grassroots иницијатива се неколку загрижувачки податоци:

- 30,3% од граѓаните незнаат дали направиле правилен избор на професијата. („невработеноста на младите луѓе во Р.М, ФЕС, 2016“)
- Само 4% од младите работат на позиции релевантни на нивната стручна подготвеност (податок на ООН);
- Постои очигледно отсуство на претприемнички дух кај младите во Македонија.
- 14,2% од испитаниците немаат доволно познавање и вештини потребни За водење на бизнис. („невработеноста на младите луѓе во Р.М, ФЕС, 2016“)

Најважно од сé е дека треба да се најде соодветен начин за мотивација кој ќе ги поттикне младите да земат активна улога во општеството. Активно да се вклучат во носењето на одлуки кои имаат влијание врз нивните животи. Мотивациски викенд претставува поддршка на младите да ги остварат своите сништа, да го унапредат својот живот и го искористат својот потенцијал. Да стекнат знаења, вештини и техники со помош на кои ќе научат како да бидат она што го посакуваат и да станат најдобра верзија од самите себе. Мотивацијата е главниот двигател кој овозможува да се постигнат саканите цели и да ги поттикне младите да го остварат она што го сакаат во својот живот.

Бројот на млади, на кои откривањето на самите себеси, спознавањето и користењето на искуства на исто така млади луѓе кои претходно биле на нивната позиција, е голем и затоа треба ваков настан кој ќе успее да им го даде одговорот на прашањето како до успешен јас. Мотивациски викенд претставува настан преку кој младите се трансформираат во млади луѓе чија визија станува остварлива. Начинот на кој ќе им се пристапи претставува важна алка во креирањето на единствен настан според своите цели и изборот на таргет групата.

Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД

Цели на Мотивациски викенд

А

Генерална цел:

Младите во Македонија се мотивирани да го пронајдат своето поле на делување и да ја креираат сопствената иднина, решителни и способни да ги остварат своите цели и соништа.

Б

Специфична цел 1.

Младите луѓе во Македонија се инспирирани и мотивирани да го преземат првиот чекор кон остварување на своите цели преку споделување на лични приказни на домашни истрански успешни говорници.

Ц

Специфична цел 2.

Младите луѓе во Македонија ги развиваат своите вештини и знаења корисни за нивниот личен и професионален напредок преку организирање на работилници со едукативен карактер користејќи ги методите на неформалното образование.

Д

Специфична цел 3.

Поттикнување на соработка помеѓу младите кои се на прагот кон остварување на своите соништа и успешни лица од различни професии преку организирање нетворкинг забава во склоп на самиот настан.

Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 5

КАКО ЗАПОЧНА СЕ?

Мотивациски ден-март 2014 година

Тим од шест млади членови на Младите можат во месец март успеаја да мотивираат над сто и дваесет млади луѓе кои имаа прилика да ги чујат испиративните приказни на говорници за нивниот пат кон успехот, како и да учествуваат во работилниците кои имаа за цел да ја прикажат важноста на неформалното образование и да ги запознаат младите со можностите кои неформалното образование ги нуди за личен и професионален развој.

Настанот беше одржан на 12 март 2014 година во ГЕМ клуб (Менада).

На истиот, своите успешни приказни ги претставија следните говорници:

- Филип Попов - Commercial and Operation Director at MEDICUS HELP
- Нина Ангеловска – Извршен директор на Grouper.mk
- Никола Бојков – Директор на IM.mk
- Коста Петров - Основач и извршен директор на Пи Ворлд
- Илина Несиќ - Programme and Communication Manager at Balkan Civil Society Development Network
- Хајан Селмани – Основач и извршен директор на HASELT
- Сања Апостолска - Основач на danaucime.mk
- Ана Пискачева - Capacity Building Assistant -USAID Interethnic Integration in Education Project at Macedonian Civic Education Center
- Ирена Чаушевска –Seavus Education and Development Center
- Лазар Ѓуров - Основач на Симбиотика

Теми опфатени преку работилниците одржани на настанот:

- Неформално образование: можност за учење, усовршување и искуство!
- Активирај се!

WWW.YOUTHCAN.ORG.MK

Мотивациски викенд-септември 2014 година

Во моментот кога ги видовме резултатите од Мотивациски ден, организиран пред само шест месеци истата година, бевме сигурни и си ветивме дека настанов ќе се повторува. Месец септември за нас, а и за сите присутни, ќе остане запаметен по Мотивациски викенд.

Ќе се обидеме, барем делумно, да ви ја доловиме атмосферата. Замислете си, голема сала, полна со позитивна енергија, ентузијазам, надежи и соништа на патот кон нивното остварување и многу мотивација. Вака во неколку збора би го опишале Мотивациски викенд, но прашањето е што ја предизвика таквата атмосфера? Одговорот би бил, над двеста млади луѓе, секој на својот животен пат, секој со своја визија за иднината, дванаесет говорници кои несебично ја раскажаа својата историја полна со приказни за нивните подеми и падови, како и со мисли и совети кои ги упатија до слушателите. Свој голем придонес кон целата оваа слика имаа и работилниците одржани за време на настанот. Работилници, од различна природа, едукативни, но и забавни, кои ги раздвижија и телото и умот на присутните.

- Овој пат, на говорничкото место застанаа:
- Нина Јанева – Музички изведувач, пејач
- Филип Тасевски – Музичар, коосновач на BTS Art Factory, креативно студио за графички и веб дизајн, брендинг и copywriting, видео, аудио и фотографија
- Љупка Наумовска - Основач на маркетинг и ПР агенција Ханибаз
- Петар Лазаров – косопственик на МАКЕДОНИЈА – ЕКСПОРТ, консалтинг и трговска фирма
- Васко Марковски – современ поет
- Нина Лековска – професионална танчерка и сопственик на танцово студио „Sonrisa“
- Василка Димитровска – археолог, блогер и истражувач
- Лора Диксон – Извршен директор на фондацијата на San Antonio Spurs
- Александра Шекутковска – архитект, сопственик на платформата за истражување The URB CLV
- Дамир Пух – соло артист, успешен гитарист
- Андријана Петковски– Балетски солист во МОБ и сопственик на студиото за танц Бејк а лег
- Љупчо Антовски – професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)
- Огнен Јаневски – уредник-водител, колумнист и активист за човекови права
- Присутните исто така имаа можност да присуствуваат и на следните едукативни работилници:
- Едукативна работилница и проекција на „The Start-up Kids“
  Танцувај и смеј се со „Sonrisa“ , Едукативна работилница за танц

Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 5

Мотивациски викенд-октомври 2015

На истото место, по точно една година Мотивациски викенд 3. Настан по кој Младите можат станаа препознатливи насекаде. На 03 и 04 Октомври, во просториите на Македонска опера и балет (МОБ) беше епицентарот на млади

мотивирани луѓе. 11 успешни говорници со 11 инспиративни приказни. 5 едукативни и забавни работилници на различни теми за развој на вештини на секој млад човек. Над 300 млади луѓе мотивирани, ентузијастични и подготвени цврсто да чекорат кон остварувањето на посакуваните соништа.

- Ана Јовковска- новинарка, продуцентка, авторка на ТВ проектот "Пулс" и книгата "Пулсот и времето"
- Катерина Ивановска-македонски топ-модел, актерка и активистка
- Кочо Андоновски-борец за човекови права, програмски директор на ЛГБТИ Центар за човекови права
- Кристијан Даниловски-основач и извршен директор на компанијата FX3X
- Питер Тоинуз-меѓународен тим лидер на програмата Civica Mobilitas
- Гоце Арменски-вонреден професор на ФИНКИ, основач на компанијата iVote
- Даниела Нелепа-Претседател на MaSWA, директор на Ф-групација
- Викторија Ланговска-дизајнер, еден од основачите на креативно студио Преплет
- Александар Тасев-основач на Akota и Balkan Unlimited фондација
- Ирина Тошева-моден дизајнер
- Мухамед Зекири -новинар

Покрај инспиративните говорници и неколку работилници за стекнување со вештини и зајакнување на личниот развој на младите:

Успешно менаџирање на време-Лазар Ѓуров, Претседател на Институт СИМБИОТИКА

Емоционална интелигенција-Нела Јолеска, EQ Excellence

Основни чекори во модерен танц-танцово студио Beatrix

Совети за почетници фриленсери-Hitlancer

На крајот од вториот ден на нетворкинг забава младите имаа можност да се запознаат лично со дел од говорниците да ги споделат своите идеи и искуства.

Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 5

Што говорат присутните за Мотивациски викенд?

Дали би го посетиле истиот настан повторно?



На скала од 1 до 5 (1 најниска оценка-5 највисока), како би го оцениле Мотивациски викенд?



На скала од 1 до 5 (1 најниска оценка-5 највисока), како би го оцениле изборот на говорниците?



Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 5

Она што може да се заклучи е континуиран развој на настанот во поглед на:

Организација, вклученост на поголем број на волонтери и членови во процесот на планирање и имплементирање на настанот;

Место на одржување, поголема просторија, поради големата заитересираност за присуство на настанот;

Посетеност, тројно поголема од Мотивациски ден па се до Мотивациски викенд 4;

Осумнаесетчасовен настан, поделен во два дена (Мотивациски викенд 2,3 и 4), наспроти првиот шестчасовен еднодневен настан (Мотивациски ден);

Двојно зголемен број на спикери, од различни профили и професии;

Поддршката од вкупно 16 компании, со донација на свои производи;

Препознатливоста на настанот меѓу младите;

Интерес за повторно одржување на истиот.

Feel the motivational pulse
МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД

Мотивациски ден	Мотивациски викенд	Мотивациски викенд 3	Мотивациски викенд 4
9 говорници	12 говорници	12 говорници	12 говорници
2 работилници	4 работилници	5 работилници	4 работилници
Повеќе од 120 мотивирани млади	Повеќе од 200 мотивирани млади	повеќе од 300 мотивирани млади	повеќе од 300 мотивирани млади

WWW.YOUTHCAN.ORG.MK

Мотивациски викенд-октомври 2017

Поведени од мотивацискиот пулс, по четврти пат и оваа година, на 30ти септември и 01ви октомври, го спроведовме Мотивациски викенд. Викенд, наменет за мотивација, инспирација, вмрежување и успех. Викенд, исполнет со дружење, одлични мотивациски говори, корисни работилници и млади кои сигурно чекорат по патот кон успех и себереализација. Локацијата добро позната, концептот веќе традиционален. Преку 8 успешни приказни на нашите овогодишни говорници и 4 работилници за поттикнување на личен развој, над 200 млади се мотивираа, преку инспиративните приказни за успесите, но и за предизвиците. На мотивациската сцена во МОБ своите животни приказни ни ги споделија:

- Дарко Јовчевски, ко-основач и ко-сопственик на Вело кафе
- Марко Кртолица, најинспиративнот асистент, според анкетата на Факултети.мк
- Снежана Лупевска Созен, новинарка, уредник и продуцент
- Петар Ниновски, основач и извршен директор на Brainster
- Војкан Крстевски, ко-основач на Final Frontier Games- компанија за дизајн и производство на друштвени игри
- Анита Кирковска, NASA Datanaut и Growth Hacker во Adeva
- Лабина Митевска, добро познатата актерка и продуцентка од Македонија, но со светска кариера
- Димитар Попов, основач на Reborn и видео продукцијата Reborn Studio

Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД 5

Присутните млади земаа учество и во 4 работилници наменети за развој на вештини:

- „Работни стилови“ - Маја Смилевска од Бизнис Академија Смилевски
- „Брендирање и дигитална маркетинг комуникација на старт-ап“ Љупка Наумовска од Ханибиз
- „Crowdfunding како алтернативен начин на финансирање“ - Иван Јованов и Илија Станковски од „Лидери за едукација, активизам и развој“
- „Креирај го својот кариерен пат за 60 минути“ - Ирена Чаушевска од Newman's Business Accelerator И оваа година

на присутните и говорниците им понудивме можност за вмрежување, размена на идеи и можности за понатамошна соработка. Голема благодарност за фотографиите до Ана Крстевска и Елена Маркова.



Feel the motivational pulse

МОТИВАЦИСКИ ВИКЕНД

Кои се Младите можат ?

Младите можат е граѓанска организација основана во 2009 година од страна на млади луѓе, а за потребите на младите луѓе во Македонија, поттикнати од идејата за моќта на младите како катализатори во денешното општество.

За многу кратко време успеавме да пораснеме во организација која им остава простор на младите луѓе да учат и да се развиваат себеси, лично и професионално, и да станат активни граѓани на нивната заедница.

Денес, повеќе од 700 млади луѓе од цела Македонија, преку секојдневни докажуваат дека **Младите можат**

Нашата мисија е да ги поттикнеме младите луѓе да земат активно учество во развојот на нивната заедница преку социјален и младински активизам, како моќна алатка за креирање промени, и да одговориме на личните потреби на младите и на потребите на заедницата. Младите можат замислува општество каде што младите луѓе се лидери на сегашноста, а не иднината.

Нашите активности се насочени кон:

- Поттикнување на личниот развој на младите преку младинска работа и неформално образование
- Подигнување на свеста на младите за активно граѓанство, како моќна алатка за влијание врз социјалниот развој
- Креирање простор на младите луѓе да преземаат младински иницијативи и креативно да ги изразат своите мислења и ставови
- Промовирање на човековите права и слободи на младите

WWW.YOUTHCAN.ORG.MK